# современа јапонска графика

**(од збирките на мсу, скопје)**



**СОВРЕМЕНА ЈАПОНСКА ГРАФИКА**
**(од збирките на мсу-Скопје)**

**CONTEMPORARY JAPANESE PRINT**
**(from the skopje museum collections)**

**јули 1984**
**july 1984**

МУЗЕЈ
НА СОВРЕМЕНАТА
УМЕТНОСТ
СКОПЈЕ

MUSEUM
OF CONTEMPORARY ART
SKOPJE

Благодарение на солидарноста и хуманиот одѕив на уметниците, дарители од целиот свет, Музејот на современата уметност во Скопје за 20 години од своето постоење се здоби со извонредна колекција на графики од меѓународен карактер. Перманентно и обмислено пристапувајќи кон проблемот на графиката Музејот има организирано редица изложби на коишто ги презентирал ликовно естетските квалитети на графичките листови од својата колекција.
Обидувајќи се да дадеме појасна претстава за дијапазонот на графичката дисциплина во Јапонија, а пред сè благодарение на квалитетот на графичките листови од оваа земја кои се наоѓаат во нашата колекција, ја организираме оваа изложба на јапонска графика.
Преку изложените 56 графики од 22 автори може да се согледаат основните карактеристики на јапонската графичка уметност, а и на јапонската уметност воопшто: сензибилност, истанченост на чувството за колористички односи, лирска интонација, неконвенциоанална композициона шема, висок технички квалитет и совршена виртуозност во изведбата.
Движењата во современата јапонска графика ние во Југославија поконтинуирано можеме да ги следиме преку изложбите на меѓународното графичко биенале во Љубљана каде што во текот на последните десет години селекциите на оваа земја биле меѓу најквалитетните. Редовни учесници на ова биенале се и уметниците кои се претставени на оваа изложба.
Иако денес во јапонското уметничко создавање се чувствуваат две званични струи (традиционалната — која бара продолжување на стариот стил и новата современа, космополитска) пред јапонските уметници не се поставуваат алтернативи. Тие со еден свесен логичен развој создадоа синтеза на најсовремена обработка на ликовната проблематика, негувана со сензибилност и совршен израз. Тој современ звук е присутен во сите изложени графички листови независно од определувањето на авторот за фигуративен или за апстрактен третман. Но, кога зборуваме за асимилирањето на западноевропските уметнички стилски движења, треба да ја спомнеме и способноста на јапонскиот уметник да ја сочува онаа мера на посебност што непосредно произлегува од специфичноста на етничкиот и културниот амбиент од којшто израснува.
Продорите на современиот графички израз ги следиме во графиките на Јозо Хамагуши, Кунихиро Амано, Хидео Хагивара и Масају Јошида. Драгоцен придонес на оваа генерација ликовни уметници е во изразувањето на филозофските идеи преку форми од богатиот органски свет, а не од механичкиот кој е така омилен кај помладите јапонски уметници.
Работејќи во техника мезотинта во боја, Јозо Хамагуши гради една посебна трансцедентна атмосфера во која внесува осамени изразито интимистички интонирани мотиви на мртва природа, хиперреалистички исликани.
Оп-арт со елементи на упростена фигурација следиме кај Масају Јошида.
Хидео Хагивара гради нов семантичен систем кој извира од симболичната јапонска калиграфија и апликација на западноевропскиот апстрактен израз.
Во дрворезите во боја на Кунихиро Амано се следи тежнение кон современо толкување на можностите на класичните графички техники. Тој се инспирира од предмети од минатото но во нова транспозиција на едно модерно звучно чувство. Неговите форми потсетуваат на самурајски кожни штитови но со појак колористички интензитет.
Во графиките на Кењи Јошида, Шоиши Хасегава и Такаши Накамура се чувствува спонтано поврзување на западноевропскиот апстрактен ликовен израз и симболичната јапонска калиграфија.
Интересни се графиките на Митсуо Кано — мајсторот на комбинирана техника во боја. Неговите листови донесуваат една свежа игра остварена со густи форми на неутрално нагризена плоча.
Во текот на последните децении Јапонија помнува низ интензивни процеси на брз технички развој, на урбанизација што доведува до раслојување на многу вредности од традиционален тип и нивно заменување со типични културни модели на современата техничка цивилизација. По 1960 година во јапонската уметност воопшто се присутни скоро сите изразни јазици коишто се јавуваат во американската и европската уметничка продукција. Промените коишто со себе ги носи современата техничка цивилизација доведоа до појава на нови графички техники (сито-печат, фото-литографија во боја, офсет-литографија) преку кои се настојува да се интерпретираат оние изразни термини што истовремено се јавуваат во областа

на сликарството, фотографијата и публицистичкиот дизајн. Овие карактеристики се присутни во графиките на помладите јапонски уметници за кои е карактеристична универзалноста во стилски, содржински и технички поглед.
Хиперреалистичко гледање на стварноста имаме во графичкото творештво на Ендо Сусуму, Катсунари Хаманиши и Масао Јамана.
Во графиките на Токио Миашита се среќаваме со релјефно нагласени калиграфски елементи со апликација на фотографски елементи.
Надреалистичка естетика среќаваме во графиката на Микио Којома, а графичкиот израз на Рицои Икеда се движи во доменот на хиперреализмот со елементи на концептуална уметност.
Дак Џан Квак е уметник кој во своето графичко творештво внесува голема инвенција отфрлајќи ги традиционалните вредности и особености на уметничкото дело.
Користејќи ги најновите достигнувања во доменот на фотографијата, филмот, видео-лентата и другите средства за масовно комуницирање, укажува на трагичните збиднувања во светот во кој живееме, на горливите егзистенцијални проблеми со кои се соочуваме во секојдневниот живот, на отуѓениот и дехуманизиран свет.
Организирајќи ја оваа изложба Музејот на современата уметност во Скопје се надева дека на нашата јавност ѝ презентира графичка продукција која со својот квалитет ќе ги задоволи и најкритички настроените љубители на овој ликовен медиум.
На крајот да ја изразиме нашата благодарност кон сите уметници чии дела претставуваат убав пример на зближување меѓу народите на Јапонија и Југославија.

Захаринка Алексоска Бачева



43



44




6



13



16



25

4





27



1




22

14





53




26



50

38





37



35



39



34



30



15

КАТАЛОГ

CATALOGUE

Кунихиро АМАНО
(Kunihiro Amano) — 1920

1. ОГРАДЕН ПРОСТОР 6, 1965
ENCLOSURE 6
дрворез во боја, 75 x 54,5

2. ОГРАДЕН ПРОСТОР 8, 1965
ENCLOSURE 8
дрворез во боа, 79 x 54,5

3. ОГРАДЕН ПРОСТОР 10, 1965
ENCLOSURE 10
дрворез во боја, 79 x 54,5

Сусуму ЕНДО
(Susumu Endo) — 1933

4. ПРОСТОР, 1981
SPACE
офсет литографија во боја, 45 x 45

Рицои ИКЕДА
(Ryoji Ikeda) — 1947

5. РАСФРЛАНО СЕМЕ, 1979
SCATTERED SEEDS
фото-бакропис, акватинта, сува игла, 78,5 x 55,5

6. МАРТИН, 1979
MARTIN
фото-бакропис, акватинта, сува игла, 78,5 x 56,5

7. »TRISTEZA«
фото-бакропис, акватинта, сува игла, 54 x 88

Масао ЈАМАНА
(Masao Yamana) — 1948

8. БЕЗ НАСЛОВ I, 1978
UNTITLED I
сито-печат во боја, 40 x 50

9. БЕЗ НАСЛОВ II, 1978
UNTITLED II
сито-печат во боја, 50 x 50

10. БЕЗ НАСЛОВ III, 1978
UNTITLED III
сито-печат во боја, 40 x 50

11. ПОЗИЦИЈА I, 1981
POSITION I
комбинирана техника на платно, 65 x 50

12. ПОЗИЦИЈА, II, 1981
POSITION II
комбинирана техника на платно, 73 x 90

13. ПЛАН-ПОЗИЦИЈА Б, 1981
PLAN-POSITION B
комбинирана техника на платно, 59 x 84

Кенји ЈОШИДА
(Kenji Yoshida) — 1929

14. ПУСТИНА НА НЕПОЗНАТИОТ, 1965
DESERT OF THE UNKNOWN
бакропис во боја, 44 x 48

Масају ЈОШИДА
(Masaju Yoshida) — 1917

15. СНЕГ, 1957
SNOW
дрворез, 44,5 x 37,5

Митсуо КАНО
(Mitsuo Kano) — 1933

16. СИНО ЗАВАРЕНО А, 1965
BLUE WELD A
комбинирана техника во боја, 66 x 56

Дак Џан КВАК
(Duck Jun Kwak) — 1937

17. ПРОСТОР 742, 1974
SPACE 742
сито-печат во боја, 36 x 80

18. ПРОСТОР 743, 1974
SPACE 743
сито-печат во боја, 36 x 80

19. НАСТАН 791, 1979
EVENT 791
фото-лито отисок, 36 x 57,7

20. НАСТАН-РЕЛАЦИЈА 793, 1979
EVENT-RELATION 793
сито-печат во боја, 80 x 57

21. КАРТЕР ВО КВАК, 1982
CARTER IN KWAK
фото-литографија, 53 x 36,5

22. РЕГАН ВО КВАК, 1982
REGAN IN KWAK
фото-литографија, 53 x 36,5

23. АВТОПОРТРЕТ 832, 1983
SELE-PORTRAIT 832
сито-печат, 41,5 x 54

24. НАСТАН-РЕЛАЦИЈА 833, 1983
EVENT-RELATION 833
сито-печат, 79 x 54,7

Минио КОЈАМА
(Mikio Koyuma) — 1953

25. КРАЈ НА СОНОТ, 1980
END OF THE DREAM
бакропис, 70 x 59

Тонејама КОЈИН
(Toneyma Kojin) —

26. МЕКСИКАНЦИ, 1962
MEXSICANS
литографија, 40 x 28

Татсуа МАТСУМОТО
(Tatsuya Matsumoto) — 1952

27. БЕЗ НАСЛОВ I, 1980
UNTITLED I
сито-печат во боја, 57 x 78

28. БЕЗ НАСЛОВ II, 1980
UNTITLED II
сито-печат во боја, 57 x 78

29. БЕЗ НАСЛОВ III, 1980
UNTITLED III
сито-печат во боја, 57 x 78

Токио МИАШИТА
(Tokio Miyashita) — 1930

30. ДЕЛО У-6, 1965
THE WORK U-6
бакропис и дрворез во боја, 89,5 x 57

Мајуми МОРИНО
(Mayumi Morino) — 1941

31. ОБЈЕКТ-СОН VII, 1980
OBJECT-DREAM VII
акватинта, 45 x 59

32. ОБЈЕКТ-МЕМОРИЈА VIII, 1980
OBJECT-MEMORY VIII
акватинта, 45 x 59

Такаши НАКАМУРА
(Takashi Nakamura) — 1923

33. ПЕІЗАЖ (23) 1979
LANDSCAPE (23)
бакропис, 79 x 59

34. ПЕЈЗАЖ (25), 1979
LANDSCAPE (25)
бакропис, 49 x 79

Хироши НОМУРА
(Hiroshi Nomura) — 1923

35. СТРЕЛАТА НА ЗЕНОН 16, 1964
ZENON'S AROW 16
бакропис и гравира, 36 x 49,5

Казунари ОГАТА
(Kazunari Ogata) — 1933

36. АПАРТМАН, 1966
APARTMENT
бакропис и акватинта во боја, 53,5 x 40,5

37. ВИТРИНА, 1966
VITRINE
бакропис и акватинта во боја, 53 x39,5

Шигеру ТАНИГУШИ
(Shigeru Taniguchi) — 1948

38. АВТОПОРТРЕТ, 1981
SELFPORTRAIT
сито-печат, 66 x 89

Хидео ХАГИВАРА
(Hideo Hagiwara) — 1913

39. ЧОВЕК ВО ОКЛОП (20), 1962
A MAN IN ARMOR
дрворез, 90 x 62

Јозо ХАМАГУШИ
(Jozo Hamaguchi) — 1909

40. ПАРИСКИ ПОКРИВИ, 1956
THE ROOFS OF PARIS
мезотинта во боја, 18,5 x 18,3

41. ДВЕ ЦРЕШИ, 1958
TWO CHERRIES
мезотинта во боја, 19,5 x 19,5

42. ЦРЕША, 1962
CHERY
мезотинта во боја, 34 x 29,4

43. СТАКЛЕН САД, 1963
GLASS POT
мезотинта во боја, 34 x 29

Катсунори ХАМАНИШИ
(Katsunori Hamanishi) — 1914

44. СПОЈ-VАРИЈАЦИЈА, 1979
CONNECTION-VARIATION
мезотинта, 49,5 x 44

45. ИГРА-ДИВЖЕЊЕ БР. 3, 1980
GAME-MOTION №. 3
мезотинта, 49 x 69

46. ИГРА-ДВИЖЕЊЕ БР. 4, 1980
GAME-MOTION №. 4
мезотинта, 45 x 60

47. ВАРИЈАЦИЈА БР. 2, 1981
VARIATION №. 2
мезотинта, 60 x 45

48. ВАРИЈАЦИЈА БР. 7, 198 1
VARIATION №. 7
мезотинта, 44,5 x 60

49. КОРЕЛАЦИЈА-ДЕЛО БР. 3, 1982
CORRELATION-WORK № 3
мезотинта, 35,5 x 59,5

Шоиши ХАСЕГАВА
(Shoichi Hasegawa) — 1929

50. МАСКЕНБАЛ I, 1964
MASKED BALL I
бакропис во боја, 39,5 x 30,5

Џанџи ХАСУИКЕ
(Junji Hasuike) — 1952

51. ПРЕПЛЕТЕНОСТ 4, 1980
INTERWEAVING 4
сито-печат во боја, 46,8 x 71

52. ПРЕПЛЕТЕНОСТ 5, 1980
INTERWEAVING 5
сито-печат во боја, 46,8 x 71

53. ПРЕПЛЕТЕНОСТ 7, 1980
INTERWEAVING 7
сито-печат во боја, 46,8 x 71

54. ПРЕПЛЕТЕНОСТ 8, 1980
INTERWEAVING 8
сито-печат во боја, 46,8 x 71

55. ПРЕПЛЕТЕНОСТ 1-С
INTERWEAVING 1-C
сито-печат во боја, 46,8 x 71

56. ПРЕПЛЕТЕНОСТ 2-С, 1980
INTERWEAVING 2-C
сито-печат во боја, 46,8 x 71

на насловната страна: објект-меморија VIII, мајуми морино

издавач: музеј на современата уметност — скопје
одговорен уредник: слободанка парлиќ-баришиќ
организација на изложбата: љубица дамјановска и
захаринка алексоска бачева
предговор и каталошки податоци: захаринка алексоска бачева

фотографии: блаже мицевски
ликовна опрема: стефан георгиевски
печат: графички завод „гоце делчев“, скопје
тираж: 300

---

on the front page: object-memory VIII, mayumi morino

publisher: museum of contemporary art — skopje
editor-in-chief: slobodanka parlić-barišić
organization of the exhibition — ljubica damjanovska i
zaharinka aleksoska bačeva
preface and catalogue: zaharinka aleksoska bačeva

photographs: blaže micevski
lay-out: stefan georgievski
printed by: »goce delčev«, skopje
copies: 300